Врз основа на член 10 став 1 и став 6 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 11-та седница одржана на 28.02.2020 година, во врска со Предлогот бр.08-94 од 27.02.2020 година, го донесе следниот:

# З А К Л У Ч О К

1. Советот на Агенцијата донесе Заклучок да се прекине постапката во врска со доставеното барање за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку преносен капацитет на дигитален терестријален мултиплекс поради распишување на предвремени избори за пратеници во Собранието на РСМ.

2. Сите потребни активности: измена и дополнување на Финансискиот план и на Годишниот план за јавни набавки на Агенцијата за 2020 година, и спроведување постапка за доделување на договор за јавна набавка за изработка на студија за утврдување на оправданоста за објавување на јавен конкурс согласно Законот за јавни набавки, да се преземат веднаш по завршувањето на изборите и конституирањето на новата Влада.

3. Се задолжува Секторот за правни работи да го извести подносителот на Барањето ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип за донесениот Заклучок.

4. Примерок од Заклучокот да се достави до:

- Раководителите на сите сектори во Агенцијата;
- Назначено лице од Агенцијата, за водење на предмети по управна постапка;
- Одделение за поддршка на работата на Советот на Агенцијата;
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи – архива на Агенцијата.

Подготвила/контролирала: Маја Дамевска

Согласна: м-р Драгица Љубевска

Бр. 02-885/14

28.02.2020 година
Скопје

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**